

Манастирот „Свети Ѓорѓи“ или во народот попознат како Полошки манастир претставува еден од најзначајните културно-историски споменици во Македонија и несомнено е бисер на македонската средновековна уметност. За да стигнете до ова прекрасно место кое изобилува со душевна топлина и спокојство потребно е да го поминете Тиквешкото езеро и по 12 километри возење со чамец на средината од езерото пред вас се појавува восхитувачкиот манастир. Изграден во првата половина на 14-от век а лоциран 20 километри југозападно од Кавадарци во подножјето на планината Вишешница манастирот е распослан на левиот брег на Тиквешкото езеро. Името на манастирот потекнува од селото Полошко но по создавањето на Тиквешкото езеро по долината на реката Црна во периодот од 1964 до 1968 година, селото Полошко веќе не постои. Манастирската црква е посветена на Св. Великомаченик Ѓорѓи која е изградена во 1340 година а во периодот од 1342 до 1345 година истата е фрескоживописана. Додека припратата на црквата е подоцна изградена некаде во почетокот на 16-от век. Црквата е изградена во форма на еднокорабна градба поделена на три травеи со купола врз осмостран тамбур и тристрана апсида од надворешната страна. Манастирската црква е ѕидана со камен и тула, фасадата не е со идентичен распоред а има наос и припрата. Во манастирската црква влегувате преку двете забележителни дрвени врати кои се влез на припратата а истите се изработени во плитка резба исто како и иконостасот кој датира од 1676 година. Внатрешноста на црквата е во целост фрескоживописана, зографите се непознати но по стилот на зографисување се претпоставува дека се зографи кои што потекнуваат од старата византиска цариградска школа. Фрескоживописот датира од 14-от век и истиот е прецртан по реставрацијата изваден е вториот слој на фрески и денес во манастирот се првобитните фрески. Сите поважни предмети кои имаат значење при реставрацијата се префрлени во Народниот музеј во Скопје во периодот од 1983 до 1986 година. Така во црквата стоел полиелај или народски кажано црковен лустер кој што бил изрезбан во дрво и кој воедно е најстарата резба во Македонија а датира од 1492 година. Истотака изработен во длабока резба бил и големиот иконостасен крст со распетие од 1584 година а тука можеме да ги спомнеме и престолните икони на Св. Богородица од 1694 година и на Исус Христос Спасител со апостоли кои датираат од почетокот на 16-от век и се разбира царските двери кои датираат од крајот на 16-от век. Вредна да се спомене е житејската икона на Св. Ѓорѓи која датира од 1630 година како и делот од владичкиот стол кои истотака се префрлени во музеј. Фрескоживописот според своите карактеристики датира од 14-от

век освен оној во нартексот кој што е изработен во 17-от век. Значајно е да се каже дека кај живописот во оваа црква се забележуваат некои особености кои што се разликуваат од другите живописи во тој период. Од насликаните композиции највпечатливи се „Причестувањето на апостолите“ и „Богородица ширшаја небеса“ во олтарната апсида, „Успение на Богородица“ на западниот ѕид композицијата во која може да се забележи невообичаениот став на Исус Христос кој се навалил над Богородица дарувајќи и го последниот бакнеж. Со најновите истражувања на постариот слој од фрескоживописот откриени се портретите на крал Душан и на неговиот брат Драгушин кој што бил погребан во манастирот. Се смета дека од 1340 на молба на мајката на Душан и Драгушин манастирот е приложен на Хилендар а околу 1378 година браќата Дејановиќи го приложиле манастирот на светогорскиот манастир Св. Пантелејмон. На влезот во манастирскиот комплекс ве пречекува камбанарија која датира од 1930 година но се претпоставува дека истата е изградена подоцна и дека тоа не е нејзината вистинска местоположба. Значајно е да се напомене дека од манастирскиот книжевен фонд во полошкиот манастир имало 50 товари ракописи во 19-от век. Според написите кои се зачувани манастирот бил обновуван со поголеми зафати во 1609 и 1881 година а монаси во него немало се до 1900 година. Во манастирот долг временски период немало монаштво но во минатото имало. Монасите во тој период одгледувале добиток и обработувале земја. По подолг временски период од 2009 година кога е осветен новиот конак на манастирот во него живее икушеничката Драгица која се грижи самата за манастирот заедно со помошта која и ја дава Повардарската Епархија и владиката Агатангел. Манастирскиот комплекс го нема повратено целиот имот а денес само дел до тој имот е во сопственост на црквата и истиот е заштитен. Работејќи чекор по чекор манастирскиот комплекс постепено се возобновува и се очекува во годините кои што идат манастирот да прерасне во духовен центар од кој на сите посетители ќе им застане здивот од воодушевување. Да се надеваме дека сето она кое е изнесено од овој прекрасен манастир поради опасноста од крадци со неговото заживување ќе се успее да се врати назад и со тоа манастирот да се врати во неговата автентичност и првобитност и да маѓепсува со неговата убавина и спокојство. Најголем број на верници кои ја покажуваат својата посветеност кон Бога, кон Свети Ѓорѓи и кон манастирот има за време на патрониот празник, на Ѓурѓовден и при празнувањето на Успението на Богородица кога се одржува богослужба и народна веселба.